*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 17 6 ноември 2007 година Ш т и п | ГОДИНА XLIV |

290.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА "ПРИЗНАНИЈА НА ОПШТИНАТА ШТИП"

I

Се објавува Одлуката за доделување на "Признанија на Општината Штип".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-3297/2 | Градоначалник |
| 6 ноември 2007 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

291.

Врз основа на член 48 став 3 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), а во врска со член 1 став 4 од Одлуката за востановување на награди и признанија ("Службен гласник на Општината Штип" број 11/06), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА "ПРИЗНАНИЈА НА ОПШТИНАТА ШТИП"

Член 1

По повод Денот на градот се доделуваат "Признанијата на Општината Штип".

Член 2

"Признанието на Општината Штип" се доделува на:

1. **1. механизирана пешадиска бригада "Скорпии"** - за особен придонес во чувањето на мирот и стабилноста и афирмацијата на градот во регионот и пошироко;
2. **Модна конфекција БЕАС-С** - за афирмација на градот преку систематско градење на сопствен бренд препознатлив на пазарите во Европа и пошироко;
3. **д-р Магдалена Пунчева** - за постигнати резултати и афирмација на градот на полето на науката ширум светот;
4. **г-дин Мите Николов**, сопственик на ДООЕЛ "Брилијант"-Штип - за несебичниот, хуман и донаторски однос кон сопствениот град и граѓаните на Штип, и
5. **д-р Панче Пуздерлиски** - за долгодеценискиот личен ангажман на полето на медицината и хуманоста.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3297/1
31 октомври 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

292.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "СЕЊАК" ДЕЛ ОД УЕ 34 ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од населба "Сењак" дел од УЕ 34 - Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3298/2
6 ноември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

293.

Врз основа на член 22 и член 26 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "СЕЊАК" ДЕЛ ОД УЕ 34 ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се донесува дел од Детален урбанистички план за дел од населба "Сењак" дел од УЕ 34 - Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 07/06.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- согласност број 0701-2109/4 од 21 септември 2007 година од Министерство-то за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3298/1
31 октомври 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

294.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА

"СЕЌАК 3-ДУЗЛАК" ДЕЛ ОД УБ 35 и 41
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од населба "Сеќак 3-Дузлак" дел од УБ 35 и 41 - Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3299/2
6 ноември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

295.

Врз основа на член 22 и член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА
"СЕЌАК 3-ДУЗЛАК" ДЕЛ ОД УБ 35 и 41
ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со утврдува Нацрт-ДУП за дел од населба "Сеќак-Дузлак" дел од УБ 35 и 41-Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 34/05.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење
- одговор на стручно мислење
- повторно стручно мислење
- одговор на повторното стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3299/1
31 октомври 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

296.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "АВТОКОМАНДА" УБ 27 И 28
- ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од населба "Автокоманда" УБ 27 и 28-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3300/2
6 ноември 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

297.

Врз основа на член 22 и 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03) Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "АВТОКОМАНДА" УБ 27 И 28
- ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од населба "Автокоманда" УБ 27 и 28-Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП"Штип-Проект"-Штип со технички број 24/06.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- Графички прилози според законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичка документација
- Стручна ревизија на урбанистичка документација
- Одговор на стручната ревизија
- Стручно мислење
- Одговор на стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3300/1
31 октомври 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

298.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТОТ "ЈАВНИ ГРАДСКИ ТОАЛЕТИ" СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за пренесување на правото на управување и користење на објектот "Јавни градски тоалети" сопственост на Општината Штип".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3301/2<br>6 ноември 2007 година<br>Штип

Градоначалник<br>на Општината Штип,<br>Панде Сарев, с. р.

299.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТОТ "ЈАВНИ ГРАДСКИ ТОАЛЕТИ" СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

На Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар" се пренесува правото на управување и користење на објектот "Јавни градски тоалети"сопственост на Општината Штип.

Член 2

Објектот од член 1 на оваа Одлука се пренесува на управување и користење на ЈП "Исар" без надоместок за времетраење од 6 месеци.

Јавното претпријатие е должно објектот да го користи и со него да управува како добар домаќин.

Член 3

Контролата на управувањето и користењето на објектот предмет на оваа Одлука Општината Штип ќе ја врши преку донесувањето на Програмата за работата на јавното претпријатие, усвојувањето на тримесечните и годишниот извештај за работењето на ЈП и донесувањето на завршната сметка на претпријатието од страна на Советот на Општината Штип.

Член 4

За управување и користење на објектот ќе се користи постоечката работна сила во ЈП "Исар"-Штип.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3301/1<br>31 октомври 2007 година<br>Штип

Претседател<br>на Советот на Општината Штип,<br>Драги Илиев, с. р.

300.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ПОТПИШУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за овластување на претседателот на Управниот одбор на ЈП "Исар" - Штип за потпишување на Колективниот договор на Јавното комунално претпријатие "Исар" - Штип".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3302/2
6 ноември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

301.

Врз основа на член 220 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" број 62/05), член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА ПОТПИШУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР"-ШТИП

Член 1

Се овластува претседателот на Управниот одбор на ЈП "Исар" - Штип да го потпише Колективниот договор на Јавното комунално претпријатие "Исар"-Штип.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3302/1<br>31 октомври 2007 година<br>Ш т и п

Претседател<br>на Советот на Општината Штип,<br>Драги Илиев, с. р.

302.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ" ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот од ЈП"Штип-проект" за периодот јануари-јуни 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3303/2<br>6 ноември 2007 година<br>Ш т и п

Градоначалник<br>на Општината Штип,<br>Панде Сарев, с. р.

303.

Врз основа на член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ" ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот од ЈП"Штип-проект" за периодот јануари-јуни 2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3303/1
31 октомври 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

304.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА КОМУНАЛНАТА И СООБРАЌАЈНАТА ИНСПЕКЦИЈА
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција за период јануари-јуни 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3304/2
6 ноември 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

305.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА КОМУНАЛНАТА И СООБРАЌАЈНАТА ИНСПЕКЦИЈА
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција за период јануари-јуни 2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3304/1
31 октомври 2007 година

Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

306.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД ДПТУ "ЛЕОПАРД" ДОО
## ЗА ПРОМЕНА НА ДУП

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето од ДПТУ "Леопард" доо за промена на ДУП.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3305/2
6 ноември 2007 година

Штип

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

307.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД ДПТУ "ЛЕОПАРД" ДОО
## ЗА ПРОМЕНА НА ДУП

I

Се прифаќа Барањето од ДПТУ "Леопард" доо за промена на ДУП со следниот **заклучок**:

- Барањето од ДПТУ "Леопард" доо за промена на ДУП "Зона Север" УП број 52 и УП број 53 да влезе во Програмата за изработка на урбанистички планови за 2008 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3305/1
31 октомври 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

---

С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 290. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на "Признанија на Општината Штип" | 342/17 |
| 291. | Одлука за доделување на "Признанија на Општината Штип" | 342/17 |
| 292. | Решение за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од населба "Сењак" дел од УЕ 34 - Општина Штип | 343/17 |
| 293. | Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од населба "Сењак" дел од УЕ 34 - Општина Штип | 344/17 |
| 294. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од населба "Сењак 3-Дузлак" дел од УБ 35 и 41 - Општина Штип | 344/17 |
| 295. | Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од населба "Сењак 3-Дузлак" дел од УБ 35 и 41 - Општина Штип | 345/17 |
| 296. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од населба "Автокоманда" УБ 27 и 28-Општина Штип | 346/17 |
| 297. | Одлука за утврдување на Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од населба "Автокоманда" УБ 27 и 28-Општина Штип | 346/17 |

| | | |
|---|---|---|
| 298. | Решение за објавување на Одлуката за пренесување на правото на управување и користење на објектот "Јавни градски тоалети" сопственост на Општината Штип" | 347/17 |
| 299. | Одлука за пренесување на правото на управување и користење на објектот "Јавни градски тоалети" сопственост на Општината Штип" | 348/17 |
| 300. | Решение за објавување на Одлуката за овластување на претседателот на Управниот одбор на ЈП "Исар" - Штип за потпишување на Колективниот договор на Јавното комунално претпријатие "Исар" - Штип" | 349/17 |
| 301. | Одлука за овластување на претседателот на Управниот одбор на ЈП "Исар" - Штип за потпишување на Колективниот договор на Јавното комунално претпријатие "Исар" - Штип" | 349/17 |
| 302. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот од ЈП"Штип-проект" за периодот јануари-јуни 2007 година | 350/17 |
| 303. | Заклучок за усвојување на Извештајот од ЈП"Штип-проект" за периодот јануари-јуни 2007 година | 350/17 |
| 304. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција за период јануари-јуни 2007 година | 351/17 |
| 305. | Заклучок за усвојување на Информацијата за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција за период јануари-јуни 2007 година | 351/17 |
| 306. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Барањето од ДПТУ "Леопард" доо за промена на ДУП | 352/17 |
| 307. | Заклучок за прифаќање на Барањето од ДПТУ "Леопард" доо за промена на ДУП | 352/17 |